Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 11-582/2
28.07.2023 год
Новаци

Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (Службен весник на република Македонија бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,124/10 и 51/11 ) Општина Новаци , на ден 28.07.2023 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Гермијан , кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 32/20 ) , потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Новаци- **www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чле 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата,содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Гермијан , Општина Новаци **може да има влијание** врз животната средина од следните причини:
   Планскиот документ предвидува изградба на резиденцијални објекти А1 –стамбени куќи , во селски стопански двор , В1-основно образование, В5 -цркви, Г2 –лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Предвидените содржини, согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спровдување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 74/2005) се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Новаци и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

**Општина Новаци**
**Градоначалник**
**Стевче Стевановски**